# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Во согласност со член 158 од Законот за хартии од вредност, член 3 од ***Правилникот за времето и начинот на обелоденување ценовно чувствителни информации на акционерски друштва со посебни обврски за известување*** - и член 3 став 1 точка 5 и член 5 од ***Правилникот за формата и содржината на годишните, полугодишните, тримесечните и тековните извештаи, резимето од годишните извештаи, материјали за акционерски собранија на акционерски друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност.***

Ве известуваме дека врз основа на Одлука УО бр.0204-4854/8-1 од 03.10.2012 година на Управниот одбор на Охридска банка АД Охрид и Одлука НО.бр.0202-4855/10 од 09.10.2012 година на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Охрид, согласно кои Брокерската служба на Банката престанува да врши услуги со хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 13.11.2012 година и ја одзеде дозволата за вршење на услуги со хартии од вредност на Охридска банка АД Охрид - Оддел за работа со хартии од вредност (Брокерска служба).

Врз основа на поднесено барање - најава на Охридска банка АД Охрид за доброволно истапување од членство во Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата донесе Одлука бр.02-1495/1 од 25.10.2012 година за престанување на статусот членка на Берзата на Охридска банка АД Охрид по основа на доброволно истапување од членство. Одлуката се применува од 10.11.2012 година.

Врз основа на поднесено барање - најава на Охридска банка АД Охрид за доброволно истапување од членство на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на Централниот депозитар донесе Одлука бр. 02-6496/1 од 31.10.2012 година за престанок на членството на Охридска банка АД Охрид. Одлуката се применува од 10.11.2012 година.

OHRIDSKA
BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP